# Светски месец на свесност за рак на грло на матка




На глобално ниво, ракот на грлото на матката е четврти најчест рак кај жените, со околу 660.000 нови случаи во 2022 година и 350.000 смртни случаи (94% од нив во земјите со низок и среден приход).

Хуман папиломавирус (ХПВ) е сексуално преносплива инфекција која може да влијае на развој на рак на грлото на матката. Речиси сите сексуално активни луѓе можат да бидат заразени во одреден момент од нивниот живот, обично без симптоми. Во повеќето случаи, имунолошкиот систем ,,го чисти,, ХПВ од телото. Постојаната инфекција со високоризичен ХПВ ако не се лекува може да предизвика развој на абнормални клетки кои водат до развој на рак. Процесот на прогресија до развој на рак може да биде од 5 до 20 години, што зависи од:

- степен на онкогеност на типот на ХПВ;
- имунолошки статус на жената;
- присуство на други сексуално преносливи инфекции;
- број на раѓања;
- млада возраст во првата бременост;
- употреба на хормонални контрацептиви;
- пушење тутунски производи...

**Симптоми и знаци кои треба да не упатат на задолжителен лекарски преглед:**

- крварење помеѓу циклуси, по менопауза или по сексуален однос;
- зголемен или изменет вагинален исцедок;
- постојана болка во грбот, нозете, карлицата, губење тежина, апетит, замор...

**Превенција:**

- Зголемувањето на јавната свест, пристапот до информации и услуги се клучни за превенција и контрола во текот на животот;
- Здрав животен стил кој вклучува неупотреба на цигари, користење на кондоми, доброволно обрежување на мажите;
- Вакцинирање на возраст од 9-14 години;
- Скринингот (ПАП тест) може да открие рана болест на грлото на матката, која може навремено да се излекува;

**ПАП тестот согласно Скрининг програмата за рано откривање на рак на грло на матка во нашата земја е БЕСПЛАТЕН за возрасната група од 21 до 59 години!**

**Изработил:**
**Д-р Даниела Чингоска**
**Спец. по Социјална медицина и јавно здравје**